Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Министерот за транспорт и врски донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во**
**Министерството за транспорт и врски**

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски број 01-1940/2 од 23.02.2016 година, број 01-11961/1 од 15.09.2016 година и број 01-5667/1 од 13.06.2017 година и број 01-8461/2 од 23.08. 2018 година , и тоа во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работно место со реден број 186 кое гласи „ Помлад соработник за комплетирање на документација во постапката за издавање на лиценците од областа на градење, просторно и урбанистичко планирање, процената и на дозволи за одржување на јавната чистота и водење на регистрите во одделение за издавање и одземање на лиценци од областа на градење, просторно и урбанистичко планирање, процената и на дозволи за одржување на јавната чистота во Сектор за нормативни и правни работи“ во делот на образование зборовите „ архитектура, урбанизам и планирање“ се заменуваат со зборовите „јавна управа и администрација“.

**Член 2**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски работно место со реден број 256 кое гласи „ Помошник раководител на сектор за прекршоци во Сектор за прекршоци“ во делот на образование по зборовите „ Правни науки се додават зборовите „или Економски науки“ .

**Член 3**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски работно место со реден број 261 кое гласи „ помлад соработник за стручно-оперативни работи во прекршочните постапки во одделение за водење на прекршочна постапка во Сектор за прекршоци„ во делот на образование зборовите „ наука за јазикот (лингвистика)“ се заменуваат со зборовите„образование“.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. / 01-9271/1
03.09.2018 година
Скопје

МИНИСТЕР
ГОРАН СУГАРЕСКИ